# ЗНМ побара од Татјана Михајлова да дозволи снимање за време на судењето на Никола Груевски



24 февруари , 2017

7
SHARES

Share

Tweet

Здружението на новинари на Македонија побара од судијката Татјана Михајлова да им дозво новинарските да го снимаат судењето на Никола Груевски за насилството во Општина Центар и

Основниот суд Скопје 1, не дозволува снимање на барање на обвинетиот.

„Татјана Михајлова, која во континуитет не дозволува снимање на новинарските екипи на судењата н поранешниот премиер Никола Груевски, затскривајќи се зад барањето на обвинетиот да не се снима. Сепак, крајна одлука дали ќе се дозволи снимање ја носи според неговото убедување и јавниот интерес на граѓаните, кои имаат право да знаат за што е осомничен поранешниот премиер. Правото н презумпција на невиност на поранешен премиер не може да има предност пред правото на јавноста д знае“, велат од ЗНМ.

ЗНМ, исто така, ги осудува навредите на новинарите од претседателот на Судски совет, Зоран Караџовски, кој во изјавата од 22 февруари ги оцени извештаите на медиумите за распределувањата на судиите од кривичен во прекршочен суд како „театрални вулгарности“, а новинарите ги етикетира како „самонаречени новинари“.

„Караџовски за лошите состојби во судскиот систем не треба да бара дежурни виновници кај новинарите, туку треба да преземе лична одговорност за слабостите во работата на судовите, за шт потврди и пресудата на Европскиот суд за човекови права од девети февруари. Тој мора да ја почитува улогата на медиумите во демократијата како заштитници на јавниот интерес преку постојан инсистирање институциите да бидат транспаретни и отчетни“, додаваат од ЗНМ и побара извинува од Караџовски.

Извор: sdk.mk

POST TAGS:

Груевски | дозвола | ЗНМ | Михајлова | снимање | судење

RELATED ARTICLES

Политика

ЗНМ: Кукави...

Политика



...

Политика



Селмани: Се...